# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

23 мај 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Статутарната одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4362/1**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и седмата седница одржана на 22 мај 2023 година, донесе

## С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14 и 4/22), се врши следното изменување:

Во глава "I ОПШТИ ОДРЕДБИ" по член 8 се додава нов член 8-а кој гласи:

"Секретарот на Општина Гази Баба има свој печат.

Печатот на Секретарот на општина Гази Баба има форма на круг со пречник од 30 мм., во чија средина се наоѓа грбот на општината, околу него во горната половина на кругот е впишан текстот "Секретар на Општина Гази Баба", а на долната половина на кругот е впишан текстот "Скопје".

**Член 2**

Се задолжува статутарно-правната комисија да го изготви пречистен текст на Статутот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-4334/2**
**од 22 мај 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА** за изменување на Статутот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 09/23**
**27 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уреднуик: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk